**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ – СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН- ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА ВО СУГС „ЛАЗАР ТАНЕВ“ - СКОПЈЕ

**март 2024**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09-1322/3
12.03.2024 година
Скопје

**ООУ „Лазар Танев“ – Скопје**

| Конечен - извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | 27,28,29.11.2023и 01.12.2023 година |
| **Број на извештај:** | 25Скопски /2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Гоце Јанкуловски |
| **Вид на училиштето:** | Средно стручно училиште |
| **Подрачни/ дисперзирани  паралелки** | / |
| **Основач на училиштето:** | Град Скопје |
| **Наставен јазик:** | Македонскинаставен  јазик |
| **Број на ученици:** | 395 |
| **Полова структура на ученици:** | 252машки и 143женски |
| **Број на наставници:** | 48 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Методија Зврцинов |
| **Директор на училиштето:** | Небојша Вуковиќ |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 25-30.04.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.„Стрезово“ бр.3 |
| **Телефон:** | 02 3086292 |
| **Факс:** | 02 3085 036 |
| **e-mail:** | ltanev@hotmail.com |
| **Оценка ИЕ** | **Делумно задоволува (2.39)** |

Инспекцискиот надзор  е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветната инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/05; 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14  33/15, 145/15, 30/16“) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## Резиме

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветната инспекција од 27ноември до 01декември 2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во СУГС„Лазар Танев“– Скопје.

Интеграланата евалуација е со цел да се оцени квалитетот на воспитно - образованиот процес во училиштето, како и примената на законите и подзаконските акти. Во процесот на интегралната евалуација се изврши и вреднување на исполнетоста на работните обврски на наставниците и стручните соработници, вработени во училиштето.

За време на интегралната евалуација, тимот на инспектори ги спроведе сите планирани активности, согласно Прирачникот за вршење на инспекциски надзор. Се изврши посета на наставен час кај поголем број наствници, се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, стручните соработници, Училишниот одбор и

Советот на родители. Се водеа разговори со фокус група на ученици, се водеа разговори со наставници, одговорни на стручните активи, како и разговори со членови на тимови кои учествуваа при изготвување на Самоевалуација.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во СУГС„Лазар Танев“– Скопје, сеоценува со**доволен**[1]**(2,39).**

Наставниот процес по наставните предмети во СУГС „Лазар Танев“ - Скопје, се реализира согласно донесените наставните планови и програми за средно стручно образование и истите се во согласност со програмските документи, изготвени од Центар за стручно образование и обука и Бирото за развој на образованието, а донесени од Министерство за овразование и наука.Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концепциите за средно стручно образование. Содржините во помал број наставни програми, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието.

Училиштетоимавоспоставенопроцедурии користиповеќеразличниначиниисредствада ги информирачленовите на Советот на родители, другите родители, учениците, како и сите другикоибараатинформацијаза целите нанаставните плановиипрограмиштосереализираат во училиштето. Информираноста на родителите и учениците, за наставните планови и програми е на индивидуални и родителски средби, преку Брошура и Веб страната на училиштето.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален), социјален и друг развој. Во училиштето се работи на меѓународни проекти во сопствена организација, на различни актуелни теми поврзани со струката, а со цел за стручно усовршување на учениците и наставниот кадар, за што имаат потпишано Меморандум за соработка со училиштата, партнери кои потекнуваат како од земји членки на ЕУ така и од земји надвор од ЕУ.

Училиштетоприбира,користиианализираподатоциза постигањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди по одделенија. Училиштето изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи, како и споредбени анализи за постигањата на учениците. Според споредбените анализи на постигањата на учениците од трите претходни учебни години, постигањата на учениците во училиштето се добри.

Целокупната активност за реализација на воспитно -образовниот процес се одвива со динамика предвидена во Годишната програма на училиштето и годишните програми на наставниците.Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето од страна на директорот и стручната служба во училиштето. Еднаш во текот на едно полугодие се следат планирањата на наставниците, од страна на директорот и стручната служба.

Наставниците изработуваат оперативни планови за час, во кои планираат соодветни, неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Оперативните планирања се усогласени со тематските планирања, но недостасуваат диференцирани цели и диференцирани активности, односно активности по тежински нивоа за талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат.

Во текот на интегралната евалуација, извршена е посета на поголем број наставни часови и за истите, наставниците имаа изготвено и користеа оперативен план за часот. Поголем дел од наставниците планираат и користат разновидни форми и методи што

---

1

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем дел од наставниците користат соодветни форми за работа со учениците, како индивидуална, заедничка, работа во парови и работа во групи. Наставниците, главно користат исти приоди за сите ученици, независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Наставниците, кон учениците се однесуваат на начин што промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање. Притоа, не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничката припадност. Наставниците не користат полови, етнички и други стереотипи во комуникацијата со учениците и спречуваат таквите стереотипи да ги користат учениците.

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Училиштето има интерен акт, план за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи и вопоследните три години, во училиштето извршена е 1 симулациска вежба.

Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство и ги запознава учениците со истите.Во последните три години, во училиштето не се регистрирани појави на психичко и физичко насилство.Учениците се чувствуваат безбедни во самото училиште.

Хигиената во училиштето е добра. Училиштето се труди воспитно да делува на учениците за одржување на хигиената.

Училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците. Стручната служба и наставниците во училиштето се грижат за давање помош при изборот на институцијата за понатамошно образование и доусовршување. Сите ученици добиваат јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование, односно определбата за нивната идна професија. Стручната служба води разговор, спроведува тестирање и врз основа на добиените резултати им дава конкретни совети.

Училиштето има Кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Согласно Кодексот, еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики.

Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и за создавање на пријатна атмосфера за работа, за време на наставата и вонннаставните активности.

Воспитно-образовната дејност во училиштето ја реализираат 58 наставници и истите се со соодветно образование.

Постапките во врска со финансиското работење во училиштето се добри. На почеток на годината, во училиштето се изготвува финасов план за тековната година и план за јавни набавки, а на крајот на годината се изготвува завршна, годишна сметка. Поголемите инвестициони вложувања во училиштето се спроведуваат со постапки за јавни набавки.

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Сите членови на Училишниот одбор се со важечки мандат. Присуството на состаноците е редовно, со кворум за работа од претставниците на сите структури. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Училишниот одбор редовно го следи начинот на стекнување на средства, одлучува во рамките на своите надлежности за дополнително стекнување на средства и наменско трошење на буџетот.

Раководен орган на училиштето е директорот Небојша Вуковиќ, назначен како вршител на должност, а по вокација е дипломиран организатор по туризам и угостителство. Директорот ги исполнува условите по степен и вид на образование но не во целост согласно законот за средно образование . Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган знае, како објективно да ги оцени квалитетите на вработени. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, вклучувајќи и способност да делегира, комуницира

и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем.

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и на локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа со дел.бр. 02-308/3 од 30.08.2023 година и истата е усвоена од Училишниот одбор, од Советот на Град Скопје. Училиштето работи согласно Годишната програма и Статут на училиштето, со дел. со бр.УП1-18-863 од 22.04.2019 година.

Училиштето има изготвено Самоевалуација за период од 2020 до 2022 година, усвоена со Одлука на Училишен одбор со дел.бр. 02-406/3од 27.10.2022година, заведена со дел. бр. 02-406/3 од 27.10.2022година и Програма за развој на училиштето за период од 2023 до 2027 година,со дел.бр.02-407/3 од 02.11.2023 година.

Во училиштето, со Решение бр.03-488/3 од 19.09.2017 година, формиран е Инклузивен тим, составен од четири члена. Инклузивниот тим соработува со родителите на децата и го следи напредувањето на учениците со посебни образовни потреби.

Училиштето има регистрирано училиштен спортски клуб ЛАЗАР ТАНЕВ 2014 Скопје, регистриран во Централен регистар на Република Македонија, со Решение со дел. бр.30120140036689 од 15.12.2014 година.

## Карактеристики на училиштето

Средното училиште на Град Скопје „Лазар Танев“ - Скопје, се наоѓа на ул.„Стрезово“ бр.3, во населба Козле - Скопје.

Училиштето е основано во 1949 година со Решение на Влада на Народна Република Македонија со бр.6433 од 19.09.1949 година, по предлог на Комитетот за угостителство и туризам,а со цел за образување на квалификувани кадри за угостителство од профилите готвач и слаткар со тригодишно образование и келнерсо двегодишно образование. Во 2019 година, училиштето има добиено Решение за давање согласност на Статутот на средното училиште на Град Скопје „Лазар Танев“, со бр.УП1-18-863 од 22.04.2019 година.

Во СУГС „Лазар Танев“ – Скопје, во учебната 2023/2024 година, запишани се вкупно 395 ученици, распоредени во 26 паралелки. Воспитно – образовниот процес во училиштето се реализира на македонски наставен јазик, во една смена. Воспитно - образовна дејност од угостителско - туристичка струка, за три образовни профили и тоа келнер, готвач и слаткар со тригодишно траење на образованието, четири образовни профили и тоа  хотелско - туристички техничар, угостителски техничар, техничар за настани и анимации, хотелско - ресторански техничар со четиригодишно траење на образованието, специјалистичко образование за четири профили и тоа келнер специјалист, готвач специјалист, слаткар специјалист и бармен специјалист и воспитно - образовна дејност од хемиско - технолошка струка за два образовни профили – пекар и месар, со тригодишно траење на образованието

СУГС „Лазар Танев“ – Скопје, зафаќа вкупна површина од 11 232 $м^2$. Воспитно – образвовниот процес се изведува во два објекти и тоа еден објект е монтажна градба – барака, на едно ниво, изграден во 1964 година, со вкупна површина 3 051 $м^2$, а вториот објект е објект од тврда градба, во чии состав има приземје и еден кат, изграден во 1978 година, а со вкупна површина од 834 $м^2$. За потребите на стручното и практично образование, во 2002 година, објектот од тврда градба е проширен и извршена е доградба со површина од 270 $м^2$. Во состав на училиштето има и спортска сала со вкупна површина од 450 $м^2$. Училиштето располага со дворна површина од 9 789 $м^2$. Дел од училишниот двор е уреден со зеленило, дел се спортски терени и дел се површини поплочени со бетон и бекатонски плочи.

Училиштето располага 25 училници, 5 кабинети, 3 работилници за реализација на практична настава по готварство, слаткарство и пекарство, 2 кабинети (кабинет по послужување и практична настава), 1 библиотека, 9 административни простории, 1 просторија за архива, 1 просторија за технички персонал, 1 просторија за хаусмајстор, 2 помошни простории - остави, 1 магацинска просторија, фискултурна сала со 1 помошна просторија, 9 санитарни јазли, од кои 5 се за ученици и 1 тоалет за ученици за посебни образовни потреби, 3 санитарни јазли за наставници.

Во училиштето, вработени се вкупно 63 лица. Воспитно-образовната работа ја реализираат вкупно 48 наставници (18 мажи и 30 жени), сите се со високо образование, 4 наставници со завршени магистерски студии, 3 наставници со завршени докторски студии. Од вкупниот број наставници 44 се соодветни за наставните програми/предмети кои ги реализираат, 4 наставници кои се примени на оглас се без педагошко, психолошка подготовка Од вкупниот број на наставници, 42 наставници работат на неопределено време и 6 наставници на определено. Во училиштето 3 наставници дополнуваат од други училишта а 6 наставници дополнуваат во други училишта. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Во училиштето нема наставник приправник. Менторот кој е во училиштето, на барање на друго училиште е ментор на еден приправник. Со училиштето раководи в.д. директор, еден помошник директор со пола работно време во настава.Училиштето има истручна служба составена од педагог психолог и библиотекар. . Стручната служба врши советодавна работа со учениците и родителите

и е подготвена и отворена за соработка. Стручната служба има Програма за работа, која е во состав на Годишната програма за работа на училиштето

Покрај наставниот кадар во училиштето има вработено административно-трхнички кадар: секретар, сметководител, хаусмајстор 2 чувари и 7 хигиеничари. Во училиштето нема наставници кои се со специјализирано училиште за работа со деца со посебни образовни потреби.

Во училиштето,има чуварска служба и камерно обезбедување.

Училишниот објект е осигуран со склучен договор од Осигурителна компанија Кроација осигурување.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Наставниот процес по наставните предмети во СУГС „Лазар Танев“ - Скопје, се реализира согласно донесените наставните планови и програми за средно стручно образование и истите се во согласност со програмските документи, изготвени од Центар за стручно образование и обука и Бирото за развој на образованието, а донесени од Министерство за овразование и наука.Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од националните стандарди

и концепциите за средно стручно образование. Содржините на наставните планови и програми, што ги изготвуваат наставниците, мал број од истите, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост.

Во СУГС „Лазар Танев“, наставата се изведува на македонски наставен јазик, а се реализира воспитно - образовна дејност од угостителско - туристичка струка, за три образовни профили и тоа келнер, готвач и слаткар со тригодишно траење на образованието, четири образовни профили и тоа хотелско - туристички техничар, угостителски техничар, техничар за настани и анимации, хотелско - ресторански техничар со четиригодишно траење на образованието, специјалистичко образование за четири профили и тоа келнер специјалист, готвач специјалист, слаткар специјалист и бармен специјалист и воспитно - образовна дејност од хемиско - технолошка струка за два образовни профили – пекар и месар, со тригодишно траење на образованието. Практична настава се реализираат во специјализирани кабинети - работилници во самото училиште, опремени со современа опрема, наменета за соодветните профили, а кои се верифицирани од Министерството за образование и наука.

Наставата во училиштето се изведува во една смена.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат, вклучително и за програмите што се однесуваат за интегрирано образование. Информирањето се спроведува на почетокот на учебната година, на состанокот со родителите, преку изготвување на брошура, преку веб страната на училиштето, а исто така ја посочуваат и веб страната на Биро за развој на образованието.

Во училиштето има 5 ученици со посебни образовни потреби, со наод и мислење од соодветна институција. Училиштето, согласно законските одредби со Решение бр.02-379/1 од 13.10.2023 година, има формирано Инклузивен тим на училиште. За сите ученици со посебни образовни потреби, формиран е Инклузивен тим на ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето не е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор, од причина што училиштето нема вработено таков кадар. Индивидуалните образовни планирања се прилагодени за работа со деца со посебни потреби, согласно препораките од Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје. Мал дел од наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма и реализираат активности според посебните образовни потреби на учениците, од причина што истите не се обучени за работа со деца со посебни потреби.

Училиштето има воспоставено процедура за избор на изборни наставни предмети. Изборот на изборните наставни предмети се врши со спроведување на анкети за ученици и родители. На анкетниот лист се нудат 4 и повеќе изборни наставни предмети. Изборот на наставни предмети кои се нудат на анкетниот лист се врши според потребите на учениците, а со цел за продлабочување на знаењата од соодветниот образовен профил.

Слободните часови во училиштето се застапени со 22 часа во четиригодишното образование. Активностите се прецизирани, планирани и вклопени во посебен распоред на училиштето.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања во согласност со наставните планови и програми за средно стручно образование, насоките за планирање и организација на наставата и Годишната програма за работа на училиштето.

Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено и Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Во таа насока, потпишан е Меморандум за соработка со СУГС „Д-р Панче Караѓозов“- Скопје, Меморандум за соработка со СУГС„Браќа Миладиновци“ - Скопје и Меморандум за соработка со

ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ – Скопје. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебна реализација на поголем број заеднички активности. Училиштето со партнер училиштето ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ – Скопје, во учебната 2022/2023 година, има реализирано Проект со наслов „Двојазични и брајови карти за избор на услугите во угостителството – печатиме листа на јадење и мени карта на македонски и албански јазик и брајово писмо“. Со партнер училиштето - СУГС „Д-р Панче Караѓозов“-Скопје, во учебната 2022/2023 година, по успешно реализиран Проект под наслов „Со велнес и спа до подобро здравје“, има добиено Гранд средства од Министерство за образование и наука во висина од 30 000.00 денари. Оваа учебна година, со партнер училиштето СУГС„Браќа Миладиновци“ – Скопје, во тек е реализацијана Проект со наслов „Одгледуваме и приготвуваме – од семе до готов производ“, за кој, училиштето ќе аплицитра за добивање на нов Гранд.

Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети. Наставниците ги прилагодуваат наставните програми и содржини и за потребите на локалната средина и градот Скопје. Постојат добри примери на соодветни интегрирани особености на локалната средина во наставните програми, најчесто преку организирани акции, проекти, натпревари, посети на саеми и институции, кои се реализираат во рамките на професионалната пракса и практичната настава.

Училиштето, во сите наставни програми што се реализираат, има разработени насоки за вградување на меѓупредметни цели. Наставниците, насоките ги почитуваат и ги применуваат.

Училиштето нема покренато иницијатива за вклучување на наставниците и родителите за изменување и дополнување на наставните планови и програми и нема покренато писмена иницијатива за изменување, дополнување или иновирање на истите.

## 1.3. Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален), социјален развој и развој на граѓански и општествени компетенции за доживотно учење. Воннаставните активности се планирани во Годишната програма на училиштето, а опфаќаат работа со надарени и талентирани ученици, ориентациона програма за дополнителна настава, слободни ученички активности, заштита и унапредување на здравјето на учениците, општествено – корисна работа, ученички екскурзии и развојни акциони проекти.

Училиштето во Годишната програма за работа и во Програмата за работа на Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, континуирано планира и реализира воннаставни активности со партнер училиштата, со цел за обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието, граѓанска вклученост, а со тоа и градење соживот.

Учениците се вклучени во воннаставните активности според сопствен избор, и тоа секој ученик, барем во една воннаставна активност, која содржи содржини за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење и во која постои родова, етничка и социјална рамноправност. Групите се хетерогени и обезбедуваат меѓуетничката интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Училиштето обезбедува услови и ги вклучува учениците со посебни образовни потреби. Учениците, делумно учествуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа на воннаставните активности.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво.

Во учебната 2020/2021 година, учениците освоиле 1 награда на општински натпревар и 1 награда на државен натпревар, во учебната 2021/2022 година, учениците освоиле 3 награди на општински натпревари, 3 награди на регионални натпревари и 2 награди на државни натпревари и во учебната 2022/2023 година, учениците освоиле 2 награди на

општински натпревари, 2 награди на регионални натпревари и 1 награда на државен натпревар.

Учениците и наставниците работат на меѓународни проекти, како во соработка со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, така и во сопствена организација, на различни актуелни теми поврзани со струката, а со цел за стручно усовршување на учениците и наставниот кадар, за што имаат потпишано Меморандум за соработка со училиштата, партнери кои потекнуваат како од земји членки на ЕУ така и од земји надвор од ЕУ. Позначајни проекти се:

1. Во 2022 година, Проект ,,Junior Achevement Macedonija,, на кој учествувале ученици од Украина, Молдавија, Грција и ученици од СУГС „Лазар Танев“ – Скопје;
2. Во 2023 година Проект ,,INTERVET WB“, кој на отворен повик од INTERVET WB“, се реализираше во Полска и покрај ученици од СУГС „Лазар Танев“ – Скопје, учество земале и ученици од Полска, Шпанија и Украина;
3. Во 2023 година,формирана е Федерација на Средни училишта за угостителство и туризам, при што склучени се Меморандуми за сорабока со средни училишта од Србија, Грна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Бугарија, Турција, Грција, Кипар, Албанија. Соработката се одвива тековно преку посета на Србија, Босна и Херцеговина и Словенија и во тек се подготовки за посета на Саем за туризам во Нови Сад. При посетите училиштата разменуваат искуства од областа на угостителството и туризмот.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои имаат научен, воспитно - образовен, културно - забавен и рекреативен карактер. При планирањето и подготовката на истите, училиштето ги почитува одредбите од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците во средните училишта.

Афирмирањето на воннаставните активности, училиштето го врши преку преку веб страната на училиштето, преку огласна табла и преку медиумите.

Училиштето има регистрирано училиштен спортски клуб ЛАЗАР ТАНЕВ 2014 Скопје, регистриран во Централен регистар на Република Македонија, со Решение со дел. бр.30120140036689 од 15.12.2014 година и ЕМБС 7001517. Во училишниот спортски клуб вклучени се 65 ученици, во четири спортски дисциплини: кошарка, бадминтон, футсал и ракомет.

# 2. Постигања на учениците

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и образовни профили, со податоци од постигањата на државна матура и завршен испит, како и анализа на постигањата на учениците на поправните испити и постигањата на вонредните ученици.

Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година е 3,13, во учебната 2021/2022 година е 3,23 и во учебната 2022/2023 година е 3,20. Средниот успех за последните три учебни години изнесува 3,19.

Од споредбените анализи може да се заклучи дека успехот по години (од прва до четврта),односно просечниот успех, споредбено во последните три години, незначително се менува. Трендот на успешност на државната матура и завршниот испит во последните три учебни години, бележи благо зголемување. Бројот на ученици кои се префрлуваат од полагање на државна матура во завршен испит е многу мал, 2 ученици последната учебна година.

Училиштето врши следење на постигањата на учениците и тоа од влезниот успех од основно училиште па се до крај од средно образование.

Училиштето има систем за детектирање на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надерените ученици, како и на учениците со пречки во развојот. Мал број од наставниците обезбедуваат поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на учениците со пречки во развојот, како и на надарените ученици.

Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.Додатната настава интензивирано се реализира пред учеството на учениците на манифестации, приредби и натпревари.

Училиштето има развиен систем и во континуитет организира заеднички воннаставни активности со ученици од мешан етнички состав со партнер училиштата СУГС „Д-р Панче Караѓозов“- Скопје, СУГС„Браќа Миладиновци“ - Скопје и ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ – Скопје. Со партнер училиштата се планираат и реализираат културни и уметнички активности во вид на работилници, преку кои учениците се стекнуваат со нови знаења и искуства за историјата и фолклорната традиција на македонскиот и албанскиот народ. Дел од средствата за реализирање на заедничките активности од проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието со партнер училиштата, училиштето ги обезбедило преку Гранд добиен од Министерство за образование и наука.

## 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето има податоции превзема активности за опфат на поголем број на ученици кои ги исполнуваат условите за запишување и има изградено политика за обезбедување услови за запишување на деца со посебни образовни потреби.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2020/2021 година изнесува 15 372, од кои 2 963 изостаноци се неоправдани или 6,55 изостаноци по ученик. Во учебната година 2021/2022 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 27 639, од кои 4 605 изостаноци се неоправдани или 11,45 неоправдани изостаноци по ученик. Во учебната година 2022/2023 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 28 530, од кои 3 565 изостаноци се неоправдани или 9,36 неоправдани изостаноци по ученик. Училиштето, за да ја

зголеми редовноста на учениците во наставата, презема соодветни активности и соработува со родителите на учениците.

Согласно со утврдените потреби и изготвен план, училишниот психолог реализира советувања со родители и ученици, за кои води уредна евиденција. Во учебната 2020/2021 година, реализирани се 32 советувања на родители и ученици, во учебната 2021/2022 година, реализирани се 38 советувања на родители и ученици и во учебната 2022/2023, година реализирани се 10 советувања на родители и ученици. За резултатите од спроведените советувања, психологот на училиштето доставува известувања до надлежни институции. Според статистиките и анализите кои ги изготвува психологот може да се заклучи дека советувањата на родители и ученици најчесто даваат позитивни ефекти.

Во училиштето има појава на осипување на ученици и истата континуирано се следи според полот, одделение/паралелка и етничка припадност и се вршат анализи за причините на таа појава. При тоа, училиштето доколку има потреба соработува со родителите и со други надлежни институции и навремено презема конкретни активности.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно - образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години, вкупно 25 ученици се испишале од училиштето поради промена на местото на живеење или заминување во странство, а 23 ученици се запишале во ова училиште.

### 2.3. Повторување на учениците

Во училиштето се детектираат и се анализираат причините за повторување на годината на учениците. Според анализите, процентот на ученици кои не ја завршуваат годината незначително се менува. Во учебна 2020/2021 година, годината не ја завршиле вкупно 9 ученици, во учебната 2021/2022 година, годината не ја завршиле вкупно 13 ученици и во учебната 2022/2023 година, годината не ја завршиле вкупно 11 ученици.

Сите ученици се запознати со правото на поднесување на приговор/жалба на оценките на крајот од учебната година. Секој поднесен приговор индивидуално се процесуира и разгледува од наставничкиот сове

## 3. Учење и настава

### 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а дневните планирања се разгледуваат при посетите на часови од страна на директорот и стручните соработници.

Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието делумно обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП, но наставниот кадар не е доволно обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. Инклузивниот тим се труди во континуитет да соработува со Ресурсниот центар РЦОУ„Д-р Златан Сремец“ – Скопје, но соработка не ги

задоволува потребите за давање соодветни насоки во спроведување на инклузијата во училиштето. Инклузивниот тим соработува и со други релевантни институции.

Во изминатите три учебни години, најмалку еднаш во едно полугодие се следени планирањата на наставниците од страна на директорот или од стручните соработници. Оваа учебна година до спроведување на интегралната евалуација, не се извршени посети, односно не се следени планирањата на наставниците од страна на директорот или од стручните соработници.

Поголемиот дел од наставниците редовно ги изготвуваат годишните и тематски планирања во согласност со наставните планови и програми, изготвени од Центар за стручно образование и обука и Биро за развој на образование, а донесени од Министерство за овразование и наука. Дел од наставниците, изработуваат оперативни планови за час во кои планираат соодветни неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот, а дел од наставниците изработуваат оперативни планови за час во кои не планираат соодветни неопходни елементи. Оперативните планирања за час се усогласени со тематските планирања, но недостасуваат диференцирани цели и диференцирани активности по тежински нивоа за талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат. Во помал дел од оперативните планирања на наставниците има изработено критериуми за оценување и употреба на ИКТ во настава.

Поголем дел од наставниците, освен за наставните предмети, изготвуваат и годишно планирање за оделенски час, воннаставни активности, дополнителна и додатна настава. Дополнителната и додатната настава се реализира во доволна мера, според планираната динамика.

Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи и со поддршка од стручната служба. За изработка на планирањата, наставниците дискутираат на стручните активи и најчесто своите планирања ги изработуваат индувидуално. Во наставните планирања застапена е корелација (интегрирање) на наставните содржини по повеќе наставни предмети.

Распоредот на часови се изготвува од страна на наставник по наставниот предмет Информатика и е направен според просторните и кадровските можности на училиштето. Училиштето изработува распоред за додатна, дополнителна настава распоред за слободни часови/проектни активности и истите се реализира според предвидената динамика.

## 3.2.Наставен процес

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета наголем број наставни часови, при што утврдено е дека наставниците имаа изготвено и користеа оперативен план за часот. Поголемиот дел од наставниците главно користат исти приоди за сите ученици, независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Најголем дел од наставниците се обучни за употреба на ИКТ и нови образовни технологии, но истите многу малку ги применуваат во наставата.

Училиштето има интернет врска обезбедена преку операторот А1, истата е избрана по пат на спроведена јавна набавка во училиштето, а средствата се обезбедени од страна на основачот – Град Скопје.

Задачите што се работат во училиштето или дома се добро планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Во планирањата на наставниците не се издвоени прилагодени активности за работа со учениците со посебни образовни потреби.

Наставниците најчесто ги споделуваат со учениците, целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите имсе јасни на повеќето ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста на учениците.

Домашните задачи најчесто се поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности не е добро приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници, прирачен материјал и дополнителна литература. За децата кои од било кои причини подоцна се вклучуваат

во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со прилагодени програми и активности.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, како и нивната етничка припадност.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, но оваа учебна година до спроведување на интегралната евалуација, истата не е спроведена.

Училиштето добро ја организира Практичната настава, во соработка со повеќе работодавачи и тоа со Туристичка агенција „Камелија Турс“, Туристичка агенција „Савана“, Туристичка агенција „Флај туризам“, Хотел „Мирор“, Хотел „Панорамика“, Хотел „Дукат“, Ресторан „Пелистер“, Ресторан „Скопски мерак“, Ресторан „Дебар маало“ и други, со кои се склучени договори и со кои училиштето развива партнерски однос.

Во училиштето има добри услови за реализација на практична настава, но покрај тоа училиштето соработува и со стопански субјекти од локалната средина каде учениците реализираат практична настава во реални услови, со цел за трајност и употребливост за стекнатите знаења. По завршување на трета година, учениците од образовните профили со четиригодишно траење на образованието, согласно наставниот план имаат задолжителна обврска да реализираат десет дневна феријална практика во фирма со која училиштето има склучено договор.

## 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите, училиштето го доживуваат како безбедна средина за учење. Целокупниот училишен простор не е доволно естетски уреден, а хигиената е на добро ниво. На видни места во холот се истакнати мисијата, визијата и куќниот ред на училиштето.

Учениците сметаат дека по некои предмети се учи на интересен начин. Содржините кои што се учат се поврзани со секојдневието, се применливи и корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот голем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни.

Повеќето ученици сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и да преземат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата.

Голем број на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги остваруваат. Постојат и се применуваат различни форми за соработка меѓу учениците. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во составот на класот и училиштето.

Училиштето на учениците им обезбедува реализација на учење преку работа /практична обука во реални работни услови кај работодавач, согласно наставните планови и програми

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручната служба, систематски ги детектираат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување. Во училиштето има пет ученици со посебни образовни потреби, но има и ученици со потешкотии во учењето кои се интегрирани во редовната настава со другите ученици. За учениците со потешкотии планирањата не се приспособени според нивните можности.

Мал дел од наставниците, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со цел учениците да научат најмногу што можат. Во оценувањето користат техники со што делумно ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми со утврдени стандарди за оценување на постигањата на учениците, според образовните потреби, истите се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште. Поголем број од наставниците ги користат критериумите, а учениците и родителите се запознаени со истите. Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината.

Голем дел од наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување на наставници е јавно и транспарентно за учениците. Поретко е застапено самооценувањето и меѓусебното оценување на учениците. Најчесто застапени се тестовите на знаење на крајот од наставните теми. Оценувањето им помага на учениците да ги подобрат постигањата. Наставникот ги оценува постигањата на учениците со пречки во развојот согласно целите во Индивидуалниот оперативен план, во соработка со инклузивниот тим на училиштето.

Повеќето наставници користат позитивна повратна информација, која ќе го поттикне ученикот да размислува за својата работа. Се почитува пристапот за давање на можност за поправање на оценките во сите класификациони периоди.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Се врши прибирање на информации за постигањата, напредокот и редовноста на учениците и на транспарентен начин се известуваат родителите и учениците за оценката и се даваат препораки за подобрување на постигањата на учениците. До родителите, редовно се доставуваат евидентни листови за постигањата на учениците, по квалификациони периоди, а може да се информираат и преку Е-дневник. За успехот и постигнатите резултати се расправа на организирани индивидуални или групни родителски средби, а се организира и „приемен ден“, за прием на родители од страна на сите наставници.

Родителите на деца со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП и со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, а родителите имаат пристап до него и редовно се известуваат преку телефонски пораки.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4. 1 Севкупната грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава, истиот не е осигигуран а осигурани се само учениците со две осигурачки полиси издадена од осигурителна компанија „Кроација осигурување“ на деца и младинци на ден 22.11.2023 со полиса бр. 010010247137 и полиса бр. 010010248752. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор.Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето се означени. Во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето составен од 2 лица од редот на наставниците. Сите поседуваат сетификати за завршен основен курс за прва помош и училиштето располага со пакет средставаза прва помош, кој се наоѓа кај помошник директор. Училиштето има интерен акт - План за евакуација за постапување во случај на елементарни непогодисо дел.бр. 09-31/3 од 16.05.2022 година, има и изведено симулација во училиште на ден 11.05.2022 година. Училиштето има видео надзор и чуварска служба, проверени се 12 мерни места на хидрантска мрежа на ден 13.04.2023 година од страна на Премиум сејфти солушн, 15 ПП апарати, кои редовно се сервисирани од страна на Биспаг противпожарна техника ДООЕЛ Скопје на ден 13.04.2023 година. Училиштето не поседува документ за извршено мерење на громобранова инсталација и има инсталирано интернет мрежа и телофонска врска.

Училиштето има протокол како пишани документи (Куќен ред и Кодекс на однесување) во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Протоколите доследно се реализираат и се применуваат. Во училиштето нема насилство манифестирано од страна на возрасните,но има забележано вербално насилство кој е во помал број. Училиштето ги информира учениците за заштита од насилно однесување, од трговија со деца и користење на интернет преку работилници за антибулинг и има соработка со МВР на кој се спроведени информативни предавања. Од страна на училиштето спроведени се работилници и тоа на тема Безбеден град и безбедни училишта, Препознавање и реагирање на говор на омраза во соработка со МВР а во соработка со Црвен Крст спроведен е проект Промоција на хумани вредности. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство.

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Во училиштето има 5 ученици со пречки во развој од кои 1 ученик имаодобрено образовен асистент од страна на Град Скопје. Инклузивниот тим на училиштето/ученикот ја има усогласува Програмата според индивидуалните потреби на ученикот.

Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол, не се дистрибуира ине користат наркотични супстанции. За заштита на учениците од употреба на алкохол,цигари и наркотични супстанци училиштето организира предавања и учениците и учениците ги информира за штетните последици од нивно консумирање.

Во училиштето нема организирана исхрана.

Во училиштето нема ученици со физичка попреченост. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците.

Училиштето им помага на учениците кои имаат потешкотии од социјална природа. социјално загрозени. Училиштето нема увид за учениците чии што семејства се приматели на социјална помош во последните три години. За помош и поддршка на учениците во воннаставните активности училиштето соработува со Центарот за социјална работа и хуманитарните организации, Црвен крст, организација на крводарителни акции двапати годишно во последните три години.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е многу добра. Редовно се врши дезинфекција,дезинсекција и дератизација. Последен пат има извршено дезинфекција, дезинсекција и дератизација на ден 19.09.2023 година. Училиштето воспитно делува

учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училишниот двор е среден и делумно холтикултурно уреден.

Училиштето има програма за превенција за здравјето, и ги информира учениците за начини на живеење, заразни болести-штетност и заштита, одржување на хигиена, заштита од ХПВ,сида и полови болести. За учениците училиштето организира санитарен преглед од 25.09.2023 до 12.10.2023 година и систематски преглед согласно динамиката за имунизација, а за вработени санитарен и лекарски прегледи. Лекарски преглед на вработените извршен е на 27.12.2022 година до 16.01.2023 година во Медика С“,а санитарен во ЈЗУ„Центар за јавно здравје“ почнувајќи од месец октомври и сеуште е во тек.

Во училиштето нема ученици со хронично заболување. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. Притоа училиштето соработува со родителите и здравствените установи.

### 4.3Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование по завршувањето на образованието опфаќа информација за високо-образовните установи. За професионална ориентација од страна на училиштето редовно се информираат родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на класните раководители и стручната служба, училиштето опфаќа самооценување на вештините и интересите на учениците преку слободни часови по предметот Планирање на кариера и помош во изработката на кратка биографија и на часовите по предметот психологија се изработува тест БИПО ( батерија инструменти за професионална орјентација ).

Училиштето не работи на професионална ориентација за учениците со посебни образовни потреби.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми. Во училиштето 7 ученици се со емоционални потешкотии. Стручната служба има механизам да помогне на учениците и родителите. Училиштето има редовна соработка со релевантните институции, како што се здравствените установи и Центарот за социјална работа.

### 4.4 Следење на напредокот

Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, во електронскиот дневник и досието на ученикот, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата се внесени и податоци за напредокот на учениците, што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба и родителите на учениците. Постои соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните раководители, предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи, по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар. Извештаите се достапни за сите други наставници. Родителите и учениците се информираат на класен час, родителски средби и Совет на родители, веб страната на училиштето и електронскиот дневник. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

СУГС„Лазар Танев" од Скопје е препознатливо по добар квалитет на работа, како и остварување на својата визија и мисија од областа на угостителството. За успехот на училиштето со својата работа и однесување придонесуваат раководните органи и тела, како и вработените во училиштетои учениците. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето. Се поддржува инклузивноста, се негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, како и младинскиот активизам. Безбедноста во училиштето е засилена со служба за обезбедување, чуварска служба како и дежурства на наставниот кадар, кои се залагаат за редот и безбедноста за време на часовите како и за време на одморите.

Во училиштето има Куќен ред за однесување на сите вработени, Кодекс на однесување и облекување за наставници и ученици,Етички кодекс на однесување на наставниците и стручните соработнициво СУГС„Лазар Танев" од Скопје во кои се поставени правилата и начините на однесување во училиштето и за време на реализација на наставата, како и пишани процедури кои се применуваат во пракса. Во нив еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Во нивната изработка учествувале претставници од стручните тела, а се усвоени преку транспарентна процедура. Во училиштето се спроведуваат процедурите за реагирање во случај на прекршување на правилата.

Училиштето води политика на взаемно почитување на сите чинители вклучени во училишниот живот, преку одржување позитивна атмосфера во училиштето, а постои и деловна култура на однесување од страна на сите учесници во воспитно-образовниот процес, како и поттикнување на слободата на изразување и критичко размислување кај учениците и вработените.

Дисциплината во училиштето е на завидно ниво. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар.

Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. На крајот на учебната 2022/2023 година изречени се вкупно 158 педагошки мерки за нередовно посетување на настава, од кои за 80 ученици писмена опомена од класен раководител, за 45 ученици писмена опомена од советот на паралелката, за 20 ученици, писмена опомена од директорот на училиштето и за 11 ученици писмена опомена пред отстранување.Во учебната 2021/2022 година, изречени се 114педагошки мерки за нередовно посетување на настава од кои за 50 ученици писмена опомена од класен раководител, за 38 ученици писмена опомена од совет на паралелката, за 18 ученици писмена опомена од директорот на училиштето и за 8 ученици писмена опомена пред

отстранување. Училиштето располага со податоци и анализи по пол, по предмети и по класификациони периоди.

Училиштето има формирано ученичка заедница, која има своја програма за работа и за реализација на истата добива поддршка од училиштето. Ученичката заедница учествува во разгледување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици. Учениците се информирани од претставниците во ученичката заедница преку социјални мрежи, редовни состаноци и изготвени детални записници. Ученичката заедница има организирано голем број хуманитарни активности, во кои активно се вклучува и наставниот кадар, преку кои се обезбедува помош за социјално загрозени ученци од училиштето. Ученичката заедница е активна и отворена за соработка при решавање на проблеми од доменот на ученичкиот живот во училиштето од секој аспект.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето посветува посебно внимание на промовирање на постигањата на учениците (индивидуални и групни), преку web страната на училиштето, fb страната на училиштето, инстаграм, преку јавни настапи во основните и средните училишта, преку настапи во големите молови, организирани изложби, приредби и други манифестации со кои се афирмира работата на училиштето. На учениците им овозможува учество во смотри, средби, семинари, трибини, саеми, натпревари, училишни секции, проекти, каде имаат можности да ги изразат своите креативни потенцијали во наставните и во воннаставните активности.

Поголем дел од наставниците го користат пофалувањето како начин на мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати во учењето. Училиштето избира ученик на генерација со јасно утврдени критериуми за избор според Правилник за избор на ученик на генерација. Ученикот кој е првенец добива награда од Град Скопје, пофалница од училиштето и симболична награда од страна на училиштето (книга или УСБ). Постигањата на учениците се истакнуваат на Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор и информативно по паралелки како и на веб страна на училиштето.

Во училиштето постои политика на поткнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво и постои систем на наградување на учениците што постигнале успех. Училиштето е препознатливо по постигањата на учениците и по освоени награди од областа на географија.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето, вклучувајќи ги и родителите во органите и телата на училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. преку одделенските часови по предметот животни вештинисе разработува конвенцијата за правата на детето во образованието и е зајакнато ученичкото учество во образовниот процес.

Во училиштето подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничката припадност, социјалното потекло и интелектуалните разлики. Училиштето ги промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во училиштето и заедницата и има развиено механизми за нивно почитување во односите меѓу сите структури. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници.

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста, односно го прифаќа и промовира мултикултурализмот. Делумно наставници се обучени за реализација на „Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието“, а за нововработените не е извршена дисеминација. За негување на мултикултурализмот, во училиштето планираат, имаат реализирани активности со партнер училиштатаСМУГС „Панче Караѓозов“реализииран е проектот „Со велнес и спа до подобро здравје“, со партнер

училиштето ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ реализиран е проектот „Двојазични и брајови карти за избор на услугите во угостителството“ и со партнер училиштето СУГС„Браќа Миладиновци“се реализира проектот кој се уште е во тек „Одгледуваме и приготвуваме - од семе до готов производ“.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Сите информации за своите деца и за животот во училиштето родителите можат да ги добијат преку индивидуални средби со наставниците, родителските средби, советот на родители, разговор со стручната служба, менаџментот на училиштето, преку членови на училиштен одбор - претставници од родители. На тој начин родителите можат да се запознаат со успехот, дисциплината, поведението и новитетите во наставните и воннаставните активности. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, добро организирани и достапни на родителите. Родителите се чувствуваат добредојдени и прифатени во училиштето.

Училиштето соработува со угостителски објекти, ресурсен центар Др. Златан Сремец, туристички агенции, невладини организации и на тој начин поттикнува партнерска соработка со локалната заедница, преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

Соработката со локалната заедница со училишето е добра со воведувањето на задолжителната феријална практика на учениците согласно новите модуларни наставни програми предвидени од МОН и ЦССО, како и со наставен предмет учење преку работа кај работодавач, каде што локалната заедница е партнер и клучен фактор за непречена реализација на истата.

Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор, како и соработка со средните училишта на ниво на град Скопје и пошироко.

## 6. РЕСУРСИ

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишниот простор не доволно ги исполнува условите за изведување на настава. Просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање воннаставни активности за учениците во целост не ги задоволува стандардите за истото. Училишниот простор е со вкупна површина од 11 232 м$^2$. Воспитно – образовниот процес се изведува во два објекти и тоа еден објект е монтажна градба – барака, на едно ниво, изграден во 1964 година, со вкупна површина 3 051 м$^2$, а вториот објект е објект од тврда градба, во чии состав има приземје и еден кат, изграден во 1978 година, а со вкупна површина од 834 м$^2$. За потребите на стручното и практично образование, во 2002 година, објектот од тврда градба е проширен и извршена е

доградба со површина од 270 м$^2$. Во состав на училиштето има и спортска сала со вкупна површина од 450 м$^2$. Училиштето располага со дворна површина од 9 789 м$^2$. Дел од училишниот двор е уреден со зеленило, дел се спортски терени и дел се површини поплочени со бетон и бекатонски плочи.

Училиштето располага со25 училници,5 кабинети,3 работилници за реализација на практична настава по готварство, слаткарство и пекарство, 2 кабинети (кабинет по послужување и практична настава), 1 библиотека, 9 административни простории, 1 просторија за архива, 1 просторија за технички персонал, 1 просторија за хаусмајстор, 2 помошни простории - остави, 1 магацинска просторија, фискултурна сала со 1 помошна просторија, 9 санитарни јазли, од кои 5 се за ученици и 1 тоалет за ученици за посебни образовни потреби, 3 санитарни јазли за наставници.

Наставата се реализира во една смена, со почеток од 08:00 часот до 16:00 часот, со користење на меѓу смена за часовите по практична настава.

Училишниот простор во целост не ги исполнува условите за изведување на настава поради застареноста на објектот. Големината на училниците соодветствува на бројот на ученици во паралелките. Располага со распоред и максимално се искористени училишните простории за изведување на настава и вонnаставни активности.

Во училишните простории има инсталирано електрична инсталација за напојување на ИКТ опрема и мрежа за поврзување на ИКТ опрема и сите училници се опремени со по еден лап топ кој ги имаат задолжено наставниците.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература, наставни и нагледни средства и други технички помагала кои соодветствуваат со современите наставни текови по најголем дел од наставните предмети. Училиштето ги утврдува потребите за наставните средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема и врши набавка според утврдените приоритети и финансиските можности. Училиштето располага со 112лап топи, 16 десктоп компјутери,5 ЛЦД проектори, 3 интерактивни табли, 7 проекциони платна, 24 бели табли, 19 ѕидни таблии други нагледни средства за реализација на наставата по природни предмети, музичка уметност и спорт. Наставните средства и помагала ги задоволуваат потребите на наставата по послужување како и за дополнителните активности кои училиштето ги спроведува при организацијата на кетеринг услуги, а кои придонесуваат за поголема стручност на учениците. Наставните средства и помагала по предметите готварство, слаткарство и пекарствоги задоволуваат современите стандарди за готвење.

Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата. Училиштето располага со стабилна интернет врска која континуирано се користи.

Училишната библиотека располага со 5766 книжни примероци, односно 2174 наслови.Од вкупниот број на книжен фонд, 277 се јужно-словенска литература, 502 македонска литература, 356 лектирни изданија, 753 странска литература, 290 стручна литература. При издавањето на книжниот фонд се води во инвентарна книга.

Библиотеката се води од страна на наставник по англиски јазик кој реализира 8 наставни часа и 12 часа во библиотека. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. Библиотекарот има делумна евиденција за книжниот фонд кој се наоѓа во библиотеката, има изготвено Годишна програма за работа и работи согласно предвидената динамика во програмата. Просторот на училишната библиотека е уреден со содветен инвентар.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и вонnаставните активности. На почетокот на годината се изготвува план за набавки на планираните средства и снабдувањето се врши тековно согласно со утврдените потреби, приоритети и финансиските можности. Училиштето набавува канцелариски материјал, фотокопири, опрема (топки за кошарка, одбојка и фудбал), материјали за поправка и одржување на училишните простории, поправка на опрема и средства за хигиена.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Воспитно-образовната работа ја реализираат 48 наставници (18 мажи и 30 жени), сите се со високо образование, 4 наставници со завршени магистерски студии, 3 наставници со завршени докторски студии. Од вкупниот број наставници 44 се соодветни за наставните програми/предмети кои ги реализираат, 4 наставници кои се примени на оглас се без педагошко, психолошка подготовка и 2 наставници кои реализираат настава по македонски јазик и географија дополнуваат следење на практична настава (контрола во објекти) кој не се соодветни во тој дел на настава за што ќе се донесе решение од страна на Државниот просветен инспекторат. Од вкупниот број на наставници,42наставници работат на неопределено време и 6 наставници на определено. Во училиштето 3 наставници дополнуваат од други училишта а 6 наставници дополнуваат во други училишта.Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Во училиштето нема наставник приправник. Менторот кој е во училиштето, на барање на друго училиште е менор на еден приправник.Со училиштето раководи в.д. директор, еден помошник директор со пола работно време во настава. Покрај наставниот кадар во училиштето има вработено административно-трхнички кадар: секретар, сметководител, хаусмајстор 2 чувари и 7 хигиеничари.

Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето применува постапки за соодветна замена. Училиштето доставува ургентно барање и распределува наставници кои држат часови до обезбедување на соодветен наставник со што се спречува губењето на часови на учениците.

Стручната служба е составена од: педагог, психолог, специјален едукатор, рехабилитатор и 1 библиотекар со пола работно време и истите се соодветни според Нормативот. Стручните соработници педагог и психолог го следат наставниот процес со примена на инструменти за следење на наставен час, справувањето со проблемите со кои се соочуваат учениците, како и советодавна помош за работа со учениците и работа со деца со посебни образовни потреби. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува активности за работа со учениците.

Вработените го почитуваат работното време, електронски го евидентираат своето присуство. Директорот, двајцата помошници на директорот и стручната служба ја следат редовноста на наставниците, а за отсуствата соодветно вршат замена.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој, училиштето ги идентификува потребите на наставниците и изготвува програма за професионален развој при што ги има предвид основните професионални компетенции за наставници, но има мал број на реализираат обуките. Училиштето им овозможува посети на обуки и работилници на наставниците и стручните соработници. Училиштетоповременовршидисеминацијанаискуствататздобиениодобукизајакнењенаком петенциитена кадарот, вклучувајќи и обуки за деца со посебни образовни потреби. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми.Се прави годишен, квартален и месечен финансов план кој се доставува до град Скопје - сектор за образование и сектор за финансии.

Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Јавните набавки се реализираат согласно Закон. За училишниот буџет и трошоците се информираат членовите на Училишниот одбор како орган на управување. Училишен одбор добива извештај за

финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Финасовиот план и финансиските извештаи се разгледуваат и донесуваат од страна на Училишен одбор. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето.

# 7. Управување, раководење и креирање политика

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор.Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Сите 12 членови на Училишниот одбор се со важечки мандат. Училишниот одбор има Деловник за работа со бр.02-334/4 од 24.06.2015 година, кој е во согласност со законската регулатива иГодишна програма за работа на училиштето. Присуството на состаноците е редовно со кворум за работа од претставниците на сите структури. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Соработката со директорот на училиштето е на добро ниво, со остварен партнерски однос и според изјаснувањето на членовите, истите запознати се со сите прашања во врска со воспитно-образовната работа, развојната програма,работата на реалната компанија, како и за управување со финансиите во училиштето. Запознати се со целокупното работење на училиштето, програмските документи и извештаите од работата на училиштето. Според изјаснувањето на членовите, училиштето навремено обезбедува сеопфатни информации за работењето на училиштето и дава поддршка за работата на вработените во училиштето.

Раководен орган на училиштето е Небојша Вуковиќ, а по вокација е дипломиран организатор по туризам и угостителство со завршени постдипломски студии Доктор на науки за Туризам и угостителство. Директорот ги исполнува условите предвидени согласно закон, а за вршител на должност директор е прв пат е назначен со решение бр. 02-275/1 од 16.08.2022 год и  Решение бр.03-307/1 од 30.08.2023 година, донесено од Градоначалник на Град Скопје. Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган знае, како објективно да ги оцени квалитетите на вработените. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, вклучувајќи и способност да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и  успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети, идентификувани во Програмата за развој преку Самоевалуацијата, а во центар на своето работење ги става постигањата на учениците. Соработката на директорот со училишните тела и органи е со директна комуникација, преку средби, соопштенија, како и со писмена коресподенција со оние кои треба да бидат информирани.

Фокусот на работењето на директорот е подобрување на  климата во училиштето, подобрување на условите за настава, мотивирање на наставниците за професионален развој и усовршување, мотивирање на учениците за активно учество на натпревари и проекти, афирмирање на училиштето и постигањата на учениците со акцент на воннаставните активности и друго. Работата на директорот е испланирана во Годишната програма за работа на директор, а професионалниот развој на директорот е застапен во Програма за професионален развој на наставниот кадар. Раководниот орган во училиштето, своето работење секогаш го заснова врз тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на креирање политики, планирање и обезбедување квалитет.

## 7.2. Цели и креирање на училишната  политика

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Стратешките цели во Програмата за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година, се опширно дефинирани и фокусирани на подобрување на квалитетот и условите за настава, подобрување на постигањата на учениците, подобрување и унапредување на училишната клима и култура, унапредување на оценувањето на учениците, поголема промоција на занимањата за кои постои помал интерес кај основците за запишување во училиштето и искористување на постоечките проекти, кои нудат размена на ученици од други земји.

Наставниот кадар и поголем дел од родителите и учениците се запознати со целите, начелата и вредностите на училиштето, како и со начинот на нивно остварување и подобрување. Реализацијата е од раководниот, стручниот и наставниот кадар со вклучување на учениците и родителите. Училиштето остварува соработка со соодветни институции за остварување на планирани активности при остварување на целите.

Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа на училиштето.

Посебен документ за образовната политика е Програмата за развој на училиштето. Во остварување на обврските и раководењето, директорот на училиштето до надлежни органи, поднесува извештај за успехот и постигнатите резултати во образовната работа, за реализација на годишната програма, како и за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година.

## 7.3. Развојно планирање

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и на локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Во Програмата за развој на училиштето, поставени се четиристратешки цели: Создавање на подобри просторни и материјални услови за работа, Професионално и стручно усовршување на наставниците, Подобрување на резултатите од работата во училиштето и Интензивирање на соработката со локалната самоуправа. Покрај стратешките цели, испланирани се развојни и конкретни цели, активности кои ќе се реализираат со испланирани потребни ресурси, временска рамка и индикатори за успешност. Временската рамка за остварување на целите е прецизна за период од 4 години. За реализација на целите се информираат родителите и вработените преку извештаите за работа на училиштето.

Училиштето планира финансиски средства, за потребите за стручно усовршување на вработените. Училиштето има план за професионален развој на наставниците и стручните соработници.

Потребите од материјално - технички средства редовно се идентификуваат, се планираат и во голем дел се обезбедуваат. Потребните финансиски средства, материјали и други услуги училиштето ги обезбедува преку добивање на средства од основачот Град Скопје, како и од сопствени средства, од работата регистрираната реална компанија. Училиштето во континуитет остварува многу добра соработка со локалната заедница и деловната заедница, преку реализација на различни вонанаставни и проектни активности. Училиштето е во тек на обновување на меѓународна соработка, со со средни угостителско турсистички училишта во Франција, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Романија, Бугарија, Албанија, Грција,Турција, Азербеџан. СУГС„Лазар Танев“- Скопје,од 17.05.2023 година е основач на асоција на угостителско-туристички училишта АУТУ, во кој членуваат 13 земји. Училиштето има направено билатерални договори со училиштата во Тулон и гренобал Франција, Бурса Турција, Изола Словенија, Опатија Хрватска, Констанца Романија, Белград и Лесковац Црбија, Солун и Атина Грција. Училиштето е вклучено во проектот на Франкофонијата во која учествуваат 4 училишта од нашата држава. Училиштето учествува во ерзмус проектите. член на европската Асоцијација на хотелско туристички училишта од Европа – European Association of Hotel and tourism School AEHT,  член на Извршниот одбор на

АЕНТ (Executive B noard of AEHT )и национален преставник на Република Македонија во оваа асоцијација.

Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката на нивното реализирање и постигнатите резултати. Училиштето ги зема предвид ставовите на наставниците, родителите и учениците.

# 8. Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Добро утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца;
- Стручната служба редовно изготвува споредбени анализи за постигањата на учениците, според пол и етничка припадност по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години;
- Добро изграден имиџ на училиштето и промовирање на постигањата на учениците во државата и на меѓународно ниво;
- Реализирање на голем број воннаставни активности во регионот, во државата и надвор од неа;
- Добра севкупна грижа за здравјето на учениците и вработените;

## 8.2 Слаби страни

- Наставниците во оперативните планирања за наставен час, не планираат диференцирани цели и активности за работа со учениците со потешкотии во учењето и талентираните ученици;

- Содржините на наставните планови и програми, што ги изготвуваат наставниците, мал број од истите, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост;
- Недоволна застапеност на интеракција ученик - ученик и недоволна примена на ИКТ во наставата;
- Мал дел од наставниците имаат подготвено и применуваат Индивидуални образовени планови за работа со ученици со пречки во развојот и наставниците имаат потреба од оргаанизирање на обуки за работа со деца со пречки во развојот.
- Мал број на реализирани обуки на наставниците;
- Нема документ за извршено мерење на громобранската инсталација;
- Библиотекарот нема увид на книжниот фонд во библиотеката и издавањето на книгите не се води во електронска форма

## 8.3 Препораки

- Наставниците во оперативните планирања за наставен час да планираат и користат диференцирани цели и активности за работа со учениците со потешкотии во учењето и талентираните ученици;
- Наставниците при изготвување и реализирање на наставните планови и програми да планираат и да реализираат содржини кои ќе овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост;
- Наставниците да реализираат интерактивна настава со поголема застапеност на интеракција ученик – ученик и да се зголеми обемот на примена на ИКТ во наставата;
- Да се преземат мерки и активности за обучување на наставниците за работа со учениците со пречки во развојот и наставниците да изготвуваат и применуваат Индивидуални образзовни програми за секој ученик со наод и мислење.
- Да се реализираат обуките на наставниците согласно планот за професионален развој;
- Да се изврши мерење на гробранската инсталација.
- Библиотекарот да има увид на книжниот фонд и издавањето да се евидентира електронски.

| | |
|---|---|
| Гоце Јанкуловски, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Зоран Димитријевиќ, Инспектор | |
| Хермина Николовска, Инспектор | |